**Предмет: Известување**

Ве известуваме дека во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во посета на Република Македонија пристигна Г-дин Бенедикт Коен.

Г-дин Бенедикт Коен дипломираше на Универзитетот Јеил како првенец во својата генерација, а на правниот факултет на Универзитетот Чикаго во САД го одбрани својот докторат. Меѓу другото, освен академската кариера на Универзитетот Чикаго, д-р Коен работеше и како уредник на списанието „Правен преглед“, а исто така работеше и во кабинетот на судијата Лоренс Силберман од Апелациониот суд на САД во округот на Вашингтон.

Д-р Бен Коен има 20 години работно искуство на високи позиции во Владата на САД, фокусирајќи се на економијата, националната сигурност и надворешната политика. Последното работно место на д-р Коен е како Генерален советник во Армијата на САД. Пред да започне да работи на оваа функција, д-р Коен беше Советник на Претседавачот Кристофер Кокс во Комисијата за хартии од вредност на САД, и Извршен директор со примарен фокус на правни и политички прашања и зголемување на способноста за справување со кризи и обезбедување сигурност во државата. Меѓу другите функции на д-р Коен, се и директор на Комисијата за државна безбедност на Претставничкиот дом на САД, советник во Министерството за правда на САД и во кабинетот на Секретарот за обрана на САД. Во периодот 1987-1989 г-дин Коен работеше во Владата на САД како советник во кабинетот на Претседателот Роналд Реган.

Д-р Бен Коен пристигна во Република Македонија на покана на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како почесен гостин – професор на Меѓународната образовна програма на Институтот ОХРИД имплементирана во Универзитетот Американ Колеџ.

Д-р Бен Коен на 12-ти март, четврток, во 16:30 часот, на Универзитетот Американ Колеџ ќе предава на темата: Владеење на правото во една современа држава- Односот помеѓу националната безбедност и трговската политика и националната безбедност и странските инвестиции.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk